# FOREVER

MACEDONIA

Март 2014 | Број 149







# БИЗНИС ПРЕДИЗВИК

## Заработете патување и маркетинг обука!

### Квалификационен период: 1 јануари – 31 март 2014 г.

**Бидете активни со 4 бода во трите месеци на квалификациониот период, спонзорирајте три нови дистрибутери во прва линија и помогнете им да станат Асистент Супервизори. Работете со новата група од трите дистрибутери и нивните мрежи за да ги реализираат вкупните обеми, опишани во шемата подолу. Во вкупните обеми не се вклучуваат порачките на вашиот личен код.**

Вкупен обем од најмалку 10 бода во рамките на вашата нова група.

★**ВИКЕНД ВО ОХРИД**
ЗА ЕДЕН ИЛИ ДВАЈЦА*




***Уште 5 бода кон вкупниот минимален обем од вашата нова група, и заработеното патување ќе биде за двајца.** Патувањето вклучува **две ноќевања со појадок** во период од 27-29 јуни 2014 во хотел Белви во Охрид и Маркетинг обука со Стефан Стаев- Country Manager на ФЛП Македонија и Бугарија и предавачи од Србија помеѓу кои и Вероника и Стево Ломјански- Дијамант Менаџери. Обуката има регионален карактер и ќе бидат присутни дистрибутери од Македонија, Бугарија, Србија и други земји од регионот. Во квалификацијата може да учествуваат дистрибутери кои се регистрирани не подоцна од јануари 2014 год., бидејќи треба да имаат активност во трите месеци на квалификација. За дата на регистрација се смета датата на која дистрибутерот ќе направи прва порачка и договорот ќе му биде внесен во базата на податоци на централната канцеларија во САД. **Дистрибутерите сами ја следат квалификацијата, со пополнување на приложената шема. Најдоцна до 5-ти април, шемата со квалификацијата треба да биде предадена за проверка и одобрение лично во канцеларијата на ФЛП Македонија или испратена скенирана по електронска пошта.** За повеќе информации и прашања се обраќате на својот спонзор или во канцеларијата на ФЛП Македонија. Наградите не можат да се добијат во форма на пари и не можат да бидат пренесени на друго лице. Конечната одлука дали сите барања коректно се исполнети се носи од ФЛП Бугарија/Македонија.

# Мечтајте смело

Ирски поздрав за сите! Март е и денот на Св. Патрик е на прагот. Би сакале да ги поздравиме сите наши ирски дистрибутери во целиот свет, како и нашата канцеларија во Ирска за постигнатите успеси во 2013-та. Изгледа дека и оваа година ќе биде фантастична за нив. ФЛП Ирска си постави за цел да ги исполни барањата за учество во програмата Chairman's Bonus и веќе ги жнее плодовите од тоа!

А кога зборуваме за цели, во канцеларијата на Грег има стаклена плакета. Ги доделувавме на последното Супер рели на Форевер во Феникс пред неколку години. По краевите на плакетата е испишано „Јас ќе...“ на многу јазици, а на средината има празно место кое секој треба да го пополни и да го исполни ветувањето. Идејата на плакетите беше постојано да ве потсетува на големото нешто, кое сте си ветиле да го постигнете. На својата стаклена плакета Грег напишал „Јас ќе... 20 000 луѓе“...

Целта му беше да ја наполни О2 арената во Лондон за нашето второ Глобално рели во 2014-та. Да напишеш 20 000 луѓе на плакета и да ја ставиш на бирото каде сите ја гледаат, е доста смело. Знам дека Грег беше целосно посветен на постигнување на таа цел, сепак на моменти помислувам дали се запрашал можно ли е да собереме 20 илјади во Лондон? Ако си го поставувал тоа прашање, значи бил како сите ние. Патот кон успехот е полн со страв, сомнежи и колебања, но да си лидер, значи да имаш храброст да „стравуваш, а сепак да продолжуваш напред!“

Како што повеќето од вас знаат, билетите за О2 арената се продадени, а сè уште има голема побарувачка! Затоа екипата која го подготвува Глобалното рели, работи напорно за да ја реорганизира сцената и да ослободи уште место за вас. Продолжувајте да ги следите нашите страници на Фејсбук, за да разберете дали сме успеале да обезбедиме дополнителни места!

Грег прв ќе ви каже дека сам не ја реализирал таа своја цел и ние сме ви бескрајно благодарни на сите вас што ја зграпчивте можноста заедно да ги прославиме успесите од 2013-та. Ќе имаме незаборавна забава!

Иако наближува Глобалното рели во Лондон, да не заборавиме дека и квалификацијата за Менаџер „Орел“ е на самиот крај. Со нетрпение очекувам да ви го видам името во списокот на новите „Орли“, со кои заедно ќе полетам кон езерото Тахо за неколку месеци! Работете напорно во последниот месец од квалификацијата. Многу сакаме да дојдете, а и вие тоа го заслужувате.

И како што велат на смарагдниот остров: „Нека ирскиот к'смет биде со сите вас!“ Ви благодарам што со ваша помош сум најголемиот кметлија на светот. И му благодарам на Грег што така смело мечтае од името на сите нас.

Засекогаш Ваш,
**Rex Maughan**



**Претседател и главен генерален директор на ФЛП**



Драги пријатели,

Колку помалку време останува до најзначајниот настан во историјата на Форевер Ливинг Продактс – Глобално рели 2014 во Лондон, толку повеќе растат ентузијазмот и нетрпението да уживаме во неговата атмосфера. За прв пат во историјата на компанијата повеќе од 20 000 (дваесет илјади!) дистрибутери од целата планета ќе се соберат на едно место, за да ја споделат радоста што си го промениле животот со помошта на најдобрата бизнис можност на светот. Билетите за прекрасната сала О2 арена беа купени за помалку од 10 дена! Можете ли да си претставите? И знаете ли зошто? Бидејќи Форевер продолжува да се развива со жестоко темпо и го зголемува своето присуство и продажби на сите точки на земјината топка.

36 години по своето создавање, маркетинг планот на ФЛП е уште попопуларен и повреднуван од кога и да било. Илјадници секојдневно го започнуваат сопствениот бизнис со Форевер и тргнуваат по патот кон остварување на мечтите. Слободни, без шефови, со неограничен потенцијал за раст во најбрзо растечката индустрија во светот, која се грижи за здравјето, виталноста и добриот изглед на сите околу нас. Се радуваме дека и вие – одличните дистрибутери на Форевер Ливинг Продактс во Бугарија и Македонија, сте достен дел од неверојатното светско семејство од луѓе кои посакале сами да си ја управуваат судбината и се спремни да направат сè што е потребно за тоа да го постигнат. Се радуваме и што многу од вас лично ќе учествуваат на прекрасниот настан кој ќе се одржи на почетокот на мај. Квалификуваните за Глобалното рели, заедно со квалификуваните од промоцијата „Лондон ве вика“ и многу други дистрибутери од Бугарија и Македонија, кои не сакаат да го пропуштат овој историски настан, сигурно ќе доживеат незаборавни мигови со илјадници успешни насмеани луѓе од целиот свет. Се радуваме што и ние ќе бидеме таму заедно со вас!

А за оние кои посакуваат догодина да бидат дел од ова, имаме одлична вест – секој може ова да го направи! Уште сега поставете си ја таа цел и работете напорно за нејзиното исполнување. Бидете активни со 4 бода секој месец и помагајте на колку е можно повеќе дистрибутери од вашата група да го прават истото. Употребувајте ги производите, работете со списоците,секојдневно канете нови луѓе на средби и не пропуштајте секоја седмица да правите бизнис и презентација на производи. Секоја седмица, во еден ист ден и на едно исто место! Ако ги комбинирате тие активности и со функционалниот систем за поткрепа и обуки на новоспонзорираните од вас дистрибутери, вие гарантирано ќе изградите голема и функционална мрежа и бизнисот ќе ви ги носи доходите за животот, за кој ВИЕ ќе мечтаете. А квалификацијата и учеството на Глобалното рели на Форевер ќе бидат уште еден незаборавен дел од сето тоа.

Запрете да мечтаете! Направете го тоа! Вие можете, сигурни сме!

Засекогаш Ваши и...насмеани ☺,
**Стефан и Тања Стаеви**







# Forever Aloe Scrub

## Пилинг со алое




Кога сакате да ја исчистите кожата длабински, изберете Forever Aloe Scrub. Со уникатната комбинација од стабилизирано Алое Вера и микросфери од чисто масло од јојоба, пилингот со алое е доволно нежен за секојдневна употреба и доволно моќен длабински да ги исчисти деликатните пори на кожата. Во комбинација, овие две природни состојки ја чистат кожата, а истовремено не дозволуваат сушење и оштетување како што е случај кај синтетичките препарати за пилинг.

Forever Aloe Scrub се грижи за кожата. Како основа на неговиот состав е стабилизираниот Алое Вера Гел со природни микросфери на јојоба, на што се должи пилинг ефектот. Овој производ е создаден за целата кожа, вклучувајќи го и лицето, за да ги отстрани мртвите клетки и непотребните материи, кои ги затвораат порите и го расипуваат добриот изглед на кожата. Клетките на кожата се регенерираат на секои 21-28 дена. Со помош на нежното дејство на пилингот со алое кожата е навистина чиста, ризикот од затнување на порите е намален и новите клетки имаат можност да излезат на површината, што ја прави кожата свежа и сјајна.

Нанесете врз мокро лице или тело и нежно масирајте ја кожата со мокрите врвови на прстите (при што внимателно ќе го избегнувате делот околу очите) со кружни движења во времетраење од две-три минути. Ако е неопходно, додадете уште вода. Обилно исплакнете и исушете со чиста и мека крпа.

## Алое ден во Штип 7.02.2014













## Алое ден во Струмица 8.02.2014













# Алое ден во Неготино 12.02.2014






# Алое ден во Велес 19.02.2014












# Алое ден во Битола 28.02.2014









# Алое ден во Прилеп 01.03.2014








# ВЕЛИЧИНА

Gregg Maughan, Претседател

Терминот “Величина” често се користи за да се опише победнички спортски тим или индивидуалец како олимпијците од Сочи. Често го слушам овој термин како се користи за да се опишат членовите на нашиот Глобален Лидерски Тим. Тоа се дистрибутери кои потполно ја искористија можноста што ја нуди Форевер, и тоа како во своја корист, така и во корист на сите кои работат со нив. Било да станува збор за атлети или за дистрибутери, тие кои постигнале “Величина” покажуваат страст да станат најдобри на светот во нешто што прави разлика. Било да е тоа поминувањето на крајната линија со светски рекорд, или добивањето на милиони долари од Chairman`s Bonus, величината најнапред се учи, а потоа се постигнува.

Во Матичната канцеларија имаме страст кон збогатување на животот на нашите клиенти, нашите дистрибутери и нашите вработени. Ние сфаќаме дека збогатувањето на животот оди преку финансиски награди. Безброј се приказните на дистрибутерите чии животи се променија на подобро, станаа исполнети и позадоволителни, благодарение на градењето на нивниот бизнис. Тие имаат повеќе пријатели, се посамоуверени и се подобри членови на нивните заедници.

Ние се стремиме да се издигнеме над сите други МЛМ компании кои се на врвот. Постојано работиме на зголемување на бонусите на нашите дистрибутери, за и тие да може да помогнат на повеќе луѓе да постигнат “Величина”. Ние исто така пакуваме многу од нашите најпопуларни производи во погодни пакети за градење на бизнис. Најновиот пакет Витал 5 е поедноставен начин да уживате во нашите производи и да ја споделувате бизнис можноста.

Среќни сме што во Форевер ја доживуваме величината на толку многу начини, сепак сме свесни дека секогаш може да растеме и да се стремиме кон повеќе. Има милиони ширум светот на кои навистина им треба тоа што ние го нудиме-можности да уживаат во подобро здравје и одличен просперитет.

Вие исто може да постигнете “Величина” во Форевер. Ако ги одговорите следните три прашања, ќе го најдете вашиот уникатен рецепт за успех.

*Која е вашата страст?*

*Во што може да бидете најдобри?*

*Која е вашата најголема можност за да го градите вашиот бизнис?*

Вашите одговори на овие прашања може да ви помогнат да утврдите на што да посветите време и енергија за да го постигнете вашиот најголем потенцијал и цели кои ви се важни. Ако континуирано напорно работите и ако ги надминете пречките, вие ќе постигнете “Величина” и може да земете завиден Chairman`s Bonus. Јас сум убеден дека вие можете тоа да го постигнете!














# ЗДРАВИ И ВИТАЛНИ ВО ПРОЛЕТ



**Зимата веќе си оди, но последиците врз нашето здравје од неа остануваат. Сега е моментот да му дадеме поддршка на нашето тело, доколку не сакаме да паднеме во стапицата на пролетниот замор.**



## Што се случува во нашиот организам во зимската сезона?



















Во текот на студените месеци внесуваме потешка храна, со која нашиот систем за варење не успева да се справи. Непреработената храна се претвора во извор на токсини. Краткиот ден, недостигот од доволно движење и чист воздух исто така лошо се одразуваат врз нашето тело и често водат до наталожување на вишок килограми. Кога на сето тоа ќе ги додадеме и токсините од честата употреба на лекарства, пушење, алкохол, загадената надворешна околина и стресот, тогаш не треба да нѐ изненади отежнатата функција на органите кои нѝ го прочистуваат организмот-црниот дроб, бубрезите, дебелото црево. Постепено започнуваме да чувствуваме нерасположение, замор, депресија, главоболки, запек, состојбата на кожата нѝ се влошува.

### Дали и вашиот организам има некаков недостаток?

Одговорете на следните прашања?

- Дали чувствувате намалена работоспособност и лесно се заморувате?
- Боледувате ли почесто од банални инфекции?
- Дали често сте растревожени, со главоболки, тахикардии, нарушен сон?
- Можеби сте понервозни и депресивни?
- Имате ли намалена меморија, тешко носите одлуки?
- Дали вашата кожа е сува, страдате од косопад, ви се кршат ли ноктите?
- Дали непцата ви крварат, дали лесно ви се појавуваат модрици?
- Дали тешко се адаптирате на температурните промени и студ?
- Можеби чувствувате голема привлечност кон слатката храна, алкохол или кафе?

Доколку сте одговориле позитивно само на неколку од овие прашања, значи дека телото ви праќа сигнали дека страда од недостиг или отсуство на важни биолошко-активни материи.

### Како да го олесните преодот од зимската кон летната сезона?

Можете навремено да се подготвите за пролетниот замор, со тоа што ќе го обезбедите енергетскиот прилив преку правилен режим на исхрана. Еве неколку препораки.

- Пијте најмалку по два литра вода на ден. Внесувањето на течности допринесува за исфрлање на натрупаните токсини. Вклучете го и ароматичниот **Aloe Blossom Herbal Tea** (код: 200) на Форевер. Тој не ве оптоварува со излишни калории и може пријатно да го исполни вашето секојдневие.
- Конзумирајте повеќе овошје и зеленчук. Со доаѓањето на пролетта се зголемува и понудата од свежо овошје и зеленчук. Тие можат да ви обезбедат свежина и енергија, но за жал квалитетот од таа храна во последно време носи и ризици од дополнително оптоварување на телото со штетни хемиски материи. На помош ви доаѓаат производите на ФЛП- **Aloe Vera Gel** (код:015), **Nature`s 18** (код: 271) и **Forever Daily** (код: 439) кои ќе му ги достават сите неопходни витамини, минерали и антиоксиданти на вашиот организам. Заменете го шеќерот и слатките артикли со мед-во текот на зимата имаме потреба од јаглени хидрати, за да го компензираме недостигот на енергија и во обид да го подигнеме нивото на нашето расположение. Сега е моментот да им се заврти грб на колачите, бонбоните и чоколадите, и истите да ги замениме со природни производи од пчелната кошница кои ви ги предлага Форевер. **Bee Honey** (код: 207) секогаш ви стои на располагање кога имате потреба од засладување. **Royal Jelly** (код: 036) и **Bee Pollen** (код: 026) ќе ве исполнат со виталност и добро расположение.
- Јадете почесто и тоа мали порции за стабилно одржување на крвниот шеќер и да немате енергетски падови.
- За да имате повеќе енергија и да го победите пролетниот замор, потребно ви е добро расположение. Користете ги убавите сончеви денови за прошетка во природа.

# Алое ден во Кичево

## 28.03.2014 - петок

**Хотел „Кичево“, почеток: 19 часот**

# Алое ден во Охрид

## 29.03.2014 - сабота

**Хотел „Ривиера“, почеток: 19 часот**

# Алое ден во Гевгелија

## 4.04.2014 - петок

**Пионерски дом, почеток: 19 часот**

# Алое ден во Богданци

## 5.04.2014 - сабота

**Ресторантски дел на игротека „Кралдем“, почеток: 18 часот**

**Следете нѐ на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните Алое денови и настани.**

**НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!**

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за достава се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

**Квалификации за февруари 2014**

**ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ**

1. Др.Роза Гелевска
2. Доне Ѓорѓиев
3. Вера Златковска
4. Валентина Крмова
5. Славица Донакова
6. Костадинка Шопова
7. Слаѓана Маџова
8. Катерина Трајчевска
9. Слафко Михајловски
10. Др.Снежана Контра

**ТОП 10 - Вкупен обем**

1. Др.Роза Гелевска
2. Блага Крстеска
3. Славица Донакова
4. Слафко Михајловски
5. Доне Ѓорѓиев
6. Вера Златковска
7. Катерина Трајчевска
8. Др. Снежана Контра
9. Слаѓана Маџова
10. Валентина Крмова


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 36, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## Квалификации за февруари 2014

**Асистент Супервизор**

1. Анчеви Душанка и Димитар - Скопје
2. Арсови Тања и Оливер – Свети Николе
3. Бошковска Валентина – Скопје
4. Гацовски Александра и Зоран – Скопје
5. Горгиев Борче и Маја - Штип
6. Дервишовска Адисена – Куманово
7. Димитриески Светлана и Гоце – Скопје
8. Димитријевиќ Невена и Зоран – Лесковац
9. Зафировска Ангела – Куманово
10. Качакови Мики и Александра – Штип
11. Костови Тони и Данче – Струмица
12. Крстевски Даниел – Штип
13. Кузмановски Милосава и Далибор – Куманово
14. Мицева Цветковска Снежана и Цветковски Борче – Штип
15. Митева Ана – Радовиш
16. Николови Величе и Александар – Штип
17. Поп-Кочова Атанасов Божана- Велес
18. Реџеповска Фарија – Куманово
19. Секуловски Анита и Натаил – Скопје
20. Секуловски Никола – Битола
21. Соколовска Митровиќ др.Билјана и Митровиќ Игор – Куманово
22. Стаменкови Елена и Горан – Кочани
23. Хамиде Мустафа – Гостивар
24. Хоџиќ Јелена – Лесковац
25. Христова Мирјана- Штип
26. Шопова Анка - Штип

# ПРОМОЦИЈА

**Важи за дистрибутери и Асистент Супервизори**

**За порачки направени во вкупна вредност од еден бод во март се добива еден Алое вера гел гратис. Независно од вкупниот број бодови, следува само по едно парче Алое вера гел на еден дистрибутерски код.**




